Акционерско друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост
Бр. 05-3477/13
26-02-2014 год.
СКОПЈЕ

АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА
СТОПАНИСУВАЊЕ СО ДЕЛОВЕН ПРОСТОР
ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ - СКОПЈЕ

ул. Стале Попов бр. 9 мезанин локал 5, Скопје, пошт. фах 38, телефон: 3226-072

Врз основа на член 142 став 6 од Законот за јавни набавки („Сл. весник на Република Македонија бр.136/07,130/08,97/10,53/11,185/11, 15/13,148/13 и 28/14") , член 25 од Статутот на АД за стопанисување со деловен простор во државна сопственост Скопје, Записник од отворање на понуди бр.05-3477/5 од 12.02.2014 г. , Извештај од спроведена постапка за доделување на договор за јавна набавка број 05-3477/6 од 12.02.2014г. и доставениот Извештај за текот на е-аукцијата со поднесување на конечна цена бр. 05-3477/4 од 12.02.2014г. од Комисијата за јавни набавки по оглас за доделување на договор за јавна набавка бр.**15/2013** за јавна набавка со примена на постапка со барање за прибирање на понуди со објавување на оглас во ЕСЈН со е-аукција, Директорот на Друштвото донесе :

## ОДЛУКА
## за избор на најповолна понуда
## за Набавка на услуга- сервисирање на возила и одржување хигиена на возила

На основ на Записник од отварање на понуди бр. 05-3477/5 од 12.02.2014 г., Извештај од спроведена постапка за доделување на договор за јавна набавка бр.05-3477/6 од 12.02.2014г по оглас за доделување на договор за јавна набавка бр.15/2013, доставениот Извештај за текот на е-аукцијата со поднесување на конечна цена бр.05-3477/4 од 12.02.2014г. од Комисијата за набавки на АД за стопанисување со деловен простор во државна сопственост - Скопје, по Одлука за јавна набавка бр.05-3477/2 од 30.12.2013г. за **Набавка на услуга- Сервисирање на возила и одржување хигиена на возила**, Договорот за јавна набавка се доделува на:

**За Лот 1.**

**„ Техно Мото –ГМ " ДООЕЛ ул„Скупи„ бр.39 Скопје**

Изборот е извршен врз основа на рангирање на 4 (четири) прифатливи понуди.

**За Лот 2.**

**„ Еуроимпекс " ДОО ул„ 3-та Македонска Бригада„ бр. 72 Скопје**

Изборот е извршен врз основа на рангирање на 1 (една) прифатлива понуда.

Се задолжува Комисијата за јавни набавки во рок од 3 (три) дена од донесувањето на одлуката писмено да ги извести понудувачите за Одлуката за доделување на договор за јавна набавка и да достави копија од предметната Одлука во прилог на известувањето.

Се задолжува Комисијата за јавни набавки во известувањето да го извести:

- Понудувачот чија понуда е избрана за најповолна.
- Понудувач кој поднел прифатлива понуда која не била избрана за најповолна, за името на избраниот понудувач или понудувачи и причините за изборот.

Се задолжува Секторот за правни и општи работи по конечноста на оваа Одлука, да изготви Договор за доделување на јавна набавка со носителот на најповолна понуда, во се спрема Одлуката за јавна набавка,понудата, записникот, извештајот, моделот на договор и условите од тендерската документација

Се задолжува Секторот за правни и општи работи за реализација на предметниот договор за јавна набавка.

Правна заштита

Секој економски оператор кој има правен интерес за добивање договор за јавна набавка и кој претрпел или би можел да претрпи штета од евентуално прекршување на одредбите од Законот за јавни набавки, може да бара правна заштита против одлуките, дејствијата и пропуштањата за превземање на дејствија од страна на договорниот орган во постапката за доделување на договор за јавна набавка.

Жалбата се изјавува до Државната комисија за жалби по јавни набавки.

Жалбата се поднесува лично или по препорачана пошта истовремено до договорниот орган и до Државната комисија.

Жалбата се изјавува во рок од три дена од денот на приемот на одлуката со која се одлучува за поединечно право од постапката за доделување на договор за јавна набавка, во однос на утврдувањето на способноста на пријавите за учество или евалуација на понудите и одлуката.

**Генерален Директор**
**Шеваљ Цеку , дипл.социолог**

**доставено до**:

- Сектор за правни и општи работи
- Комисија за јавни набавки-Кире Бузлиев
- архива